СФАИ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
ул. Даме Груев бр. 7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0)2 3166 144
Факс: +389 (0)2 3166 156
Даночен број: МК4080021599709
Жиро сметка: 250-0101023078-05
Депонент: ШПАРКАСЕ БАНКА
МАКЕДОНИЈА АД Скопје

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**До основачите и раководството на ХРАНА ЗА СИТЕ - БХМ Скопје**

*Извештај за финансиските извештаи*

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ХРАНА ЗА СИТЕ - БХМ Скопје (во понатамошниот текст „Здружението“), кои се состојат од биланс на состојбата на 31 декември 2021 година и биланс на приходи и расходи за годината која тогаш завршува и белешки кон финансиските извештаи.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиските извештаи во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија и интерната контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и стандардите за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за собирање на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Здружението со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Здружението. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи ја презентираат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ХРАНА ЗА СИТЕ - БХМ Скопје на 31 декември 2021 година, како и резултатите од работењето за годината која тогаш завршува, во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Македонија, Законот за сметководството на непрофитните организации и Правилникот за сметководството на непрофитните организации.

(продолжение)

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ**

**До основачите и раководството на ХРАНА ЗА СИТЕ - БХМ Скопје (продолжение)**

*Обрнување внимание*

Здружението ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите финансиски извештаи според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции, во согласност со Законот за сметководството на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 24/03, 80/05, 17/11, 154/15 и 122/21) и Правилникот за сметководството на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 42/03, 8/09, 12/09 и 175/11). Според одредбите на наведениот Закон, Здружението е обврзано да составува и поднесува основни финансиски извештаи, и тоа: биланс на состојбата, биланс на приходите и расходите и белешки кон финансиските извештаи. Согласно тоа, Здужението нема обврска да составува Извештај за паричните текови.

Нашето мислење не е модифицирано во врска со ова прашање.

*Останати прашања*

Ревизијата на финансиските извештаи на Здружението за годината што завршува на 31 декември 2020 година била извршена од страна на друг ревизор, кој во својот извештај од 19 мај 2021 година изразил мислење без резерва.

*Извештај за други барања*

Како што е наведено во Белешка 4 кон финансиските извештаи, институционалиот грант ЦМ-ИНС-05 ("Грантот") финансиран од Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ), претставен од Швајцарската амбасада во Република Северна Македонија, кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ). Со Институционалиот грант ЦМ-ИНС-05 се обезбедуваат неповратни средства за институционален развој и организациско јакнење на Здружението. Согласно основниот Договор за Грантот, период на спроведување на активностите бил од 1 јули 2020 година до 30 јуни 2021 година. Во овој период Здружението примило вкупен износ од 1,768 илјади денари, од кои 982 илјади денари биле примени во текот на 2020 година, додека износот од 786 илјади денари биле примени во текот на 2021 година. Понатаму, на 24 август 2021 година Здружението склучило Анекс кон основниот Договор, при што биле доделени дополнителни 2,418 илјади денари за периодот од 1 јули 2021 година до 30 јуни 2022 година, притоа Здружението врз основа на Анексот примило износ од 1,023 илјади денари во 2021 година, така што вкупните приливи во 2021 година врз основа на наведениот Грант во износ од 1,809 илјади денари се опфатени во ревизијата за годината што завршува на 31 декември 2021 година.

СФАИ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Овластен ревизор
Директор

Друштво за ревизија СФАИ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Овластен ревизор

Скопје, 29 април 2022 година

**ХРАНА ЗА СИТЕ - БХМ Скопје**

**Финансиски извештаи**
**за годината што завршува**
**на 31 декември 2021**
**и Извештај на независните ревизори**

**СОДРЖИНА:**


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независните ревизори | 1 - 2 |
| Биланс на приходите и расходите | 3 |
| Биланс на состојбата | 4 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 5 - 10 |

**БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ**
**За годината што завршува на 31 декември 2021 година**
**(Во илјади денари)**

| | **Белешка** | **2021** | **2020** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од донации | 4 | 9,936 | 12,912 |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | | 4,263 | 2,289 |
| | | 14,199 | 15,201 |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи и услуги | 5 | (3,712) | (1,195) |
| Плати и надоместоци на плати | 6 | (384) | (1,428) |
| Капитални расходи | 7 | - | (1,032) |
| Други расходи | 8 | (9,798) | (7,271) |
| Курсни разлики, нето | | (2) | (12) |
| | | (13,896) | (10,938) |
| **Вишок на приходи над расходи за годината** | | 303 | 4,263 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Овие финансиски извештаи беа прифатени и одобрени од раководството на Здружението на 26 февруари 2022 година.

Одобрено од,

Душко Христов
Претседател

**БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА**
**На 31 декември 2021 година**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 31 декември 2021 | 31 декември 2020 |
|---|---|---|---|
| **АКТИВА** | | | |
| **Материјални средства** | | | |
| Недвижности и опрема | 9 | 967 | 1,026 |
| **Вкупно материјални средства** | | 967 | 1,026 |
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 10 | 1,094 | 4,504 |
| Краткорочни побарувања | 11 | 2 | 4 |
| **Вкупно тековни средства** | | 1,096 | 4,508 |
| **ВКУПНО АКТИВА** | | 2,063 | 5,534 |
| **ПАСИВА** | | | |
| **Извори на деловни средства** | | | |
| Деловен фонд | 12 | 967 | 1,026 |
| Вишок на приходи пренесен во наредната година | | 303 | 4,263 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | 1,270 | 5,289 |
| **Тековни обврски** | | | |
| Позајмици | 13 | 760 | - |
| Обврски кон добавувачи | | - | 5 |
| Останати обврски | 14 | 33 | 240 |
| **Вкупно тековни обврски** | | 793 | 245 |
| **ВКУПНО ПАСИВА** | | 2,063 | 5,534 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2021 година**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

ХРАНА ЗА СИТЕ - БХМ Скопје (во понатамошниот текст ,,Здружението“) е здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица основано на ден 11 Јануари 2011 година. Основачи на Здружението се 5 физички лица.

Здружението е хуманитарна непрофитна организација посветена на намалување на сиромаштијата и гладот во Република Северна Македонија. Основни цели и задачи на Здружението се: воспоставување, оддржување и ширење на ефикасна мрежа - синџир за набавка на храна за донирање како и собирање и распоредување – дистрибуција на донираната храна.

Здружението дејствува како придружна членка на европската федерација на банка за храна (ФЕБА). Во периодот 2018 – 2021, Здружението работеше на проектот В-С-С Ефект за зајакнување на капацитетите и надлежностите подржана од ЕУ. Постои добра соработка со Баптистичката црква од УСА во Македонија, ЦБФ Македонија и други.

Раководството на здружението го сочинуваат:
- Душко Христов, Претседател
- Душко Томашевски, извршен секретар
- Кате Т. Наумческа, член на ИО
- Проф. Др. Влатко Андоновски, меѓународен координатор
- Дитурије Речи, член на ИО

На 31 декември 2021 година Здружението има 1 вработени (2020: 2 вработени).

Седиштето на Здружението е на ул. Руди Чајавец 35/3 Скопје.

## 2. ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 2.1 Основи за подготовка

Здружението води сметководство, составува и поднесуваат сметководствени искази во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации и прифатените сметководствени принципи, сметководствено прифатената практика и сметководствени стандарди доколку не се во спротивност со наведениот закон или друг пропис, со цел за точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата, обврските, изворите на средства, приходите и расходите и резултатите од работењето.

Финансиските извештаи на Здружението се поготвуваат во согласност со законската регулатива во Република Македонија којашто се однесува на сметкододството на непрофитните организации, односно во согласност со Законот за сметководството на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 24/03, 80/05, 17/11, 154/15 и 122/21) и Правилникот за сметководството на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 42/03, 8/09, 12/09 и 175/11).

Финансиските извештаи на Здружението се презентирани во македонски денари (МКД). Сите износи во финансиските извештаи и соодветните белешки се прикажани во илјади денари, освен доколку не е наведено поинаку.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при составувањето на финансиските извештаи се наведени во продолжение на овој текст. Сметководствените политики доследно се применуваа и во претходната година.

### 3.1 Признавање на приходи и расходи

Признавањето на приходите и расходите се спроведува согласно член 13 од Законот за сметководството на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 24/03, 80/05, 17/11, 154/15 и 122/21) и член 18 од Правилникот за сметководството на непрофитни организации ((Службен весник на РМ бр. 42/03, 8/09, 12/09 и 175/11), односно според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Согласно сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции, приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или 30 дена по истекот на пресметковниот период за кој се однесуваат, под услов тие да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2021 година**

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.1 Признавање на приходи и расходи (продолжение)

Согласно сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции, расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале или се платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период. Расходите за трошење на краткорочни средства се признаваат во моментот и во висина на настанување на вистинското трошење.

Приходи од извршени услуги се признаваат во текот на периодот во кој за услугите е платено од страна на корисникот на услуги.

### 3.2 Износи искажани во странски валути

Трансакциите настанати во странска валута се искажани во македонски денари ("денари") со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Македонија кои важат на денот на трансакцијата.

Средствата и обврските кои гласат во странска валута се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на крајот на периодот на известување.

Нето позитивните и негативните курсни разлики кои произлегуваат од претворањето на износите во странска валута, се вклучени во добивката или загубата за периодот кога тие настануваат.

### 3.3 Оданочување

Согласно Законот за данок на добивка, непрофитните организации се ослободени од плаќање на данок на добивка за приходите остварени од членарини, спонзорства и донации со наменски карактер, кои се наменети за вршење на дејноста и чија единствена функција е само прибирање и распоредување за одредена намена.

Во случај на вршење стопанска дејност во рамките на непрофитното делување, се пресметува и плаќа данок во висина од 1% од износот на остварените вкупни приходи од стопанска дејност во календарската година, на износот кој надминува 1,000,000 денари вкупен приход.

### 3.4 Недвижности и опрема

Недвижностите и опремата се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност на недвижностите и опремата ја сочинува куповната цена зголемена за увозните давачки, данок на додадена вредност, издатоци за превоз и сите други издатоци кои можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка. Вредноста на набавените средства се искажува како трошок во периодот на набавка со истовремено зголемување на деловниот фонд на Здружението.

Амортизацијата се пресметува врз основа на пропорционална метода, така што набавната или ревалоризационата вредност на средствата се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на нивната употреба. Тековната амортизација на основните средства се евидентира на товар на деловниот фонд. Амортизација на земјиштето не се пресметува.

Здружението врши ревалоризација на опремата при нејзино повлекување од употреба и отуѓување или поради повторно вреднување. Основица за ревалоризација претставува набавната вредност намалена за сметководствено искажаната акумулирана амортизација.

Ревалоризацијата на средствата при повторно вреднување се врши со примена на стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи, објавена од Државниот завод за статистика.

Ревалоризацијата на средствата кои се расходувани или отуѓени во текот на пресметковниот период, се врши така што сите состојби на средствата од претходната година се множат со индексот на кумулативниот пораст на цените на производителите на индустриски производи на домашен пазар од почетокот на пресметковниот период до крајот на месецот во кој средствата се расходувани или отуѓени.

Резултатот од ревалоризацијата на долгорочните средства се пренесува во корист или на товар на деловниот фонд.

Основните стапки на амортизација за 2021 и 2020 година се следниве:

| | |
|---|---|
| Транспортни средства | 12% |
| Компјутерска опрема | 20% |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2021 година**

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.5 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти вклучуваат готовина во благајна и парични средства на жиро сметките кај комерцијалните банки.

Паричните средства во благајната и на жиро сметките во македонски денари се евидентираат според нивната номинална вредност, а паричните средства во странска валута се преведуваат по курсот на Народна банка на Република Македонија на датумот на известување.

### 3.6 Краткорочни побарувања и обврски

Побарувањата од купувачи, позајмници и другите побарувања, како и обврските кон добавувачи и другите обврски се прикажуваат според договорните износи во договорот.

## 4. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ

| | Во илјади денари Година што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2021** | **2020** |
| ***Назив на донатор:*** | | |
| Витаминка ад Прилеп (Белешка 8) | 2,711 | 1,433 |
| Енвирум дооел Скопје (Белешка 8) | 2,435 | 1,463 |
| Проект МЦМС ЦМ-ИНС-05 (Цивика Мобилитас) | 1,809 | 982 |
| Храна за сите – БХМ (средства од сопствено ко-финансирање за порект В-С-С Ефект) (Белешка 8) | 1,403 | 920 |
| Влада на РСМ | 600 | - |
| Тинекс мт дооел Скопје (Белешка 8) | 277 | 254 |
| Мисија на Баптистичка Црква од САД во РСМ (ЦЕФМ) | 270 | 906 |
| Општина Центар | 102 | - |
| Кожувчанка доо (Белешка 8) | 84 | 13 |
| Сити Плаза доо | 70 | - |
| Лимак доо | 61 | - |
| Кат Костов доо | 30 | - |
| Кавадарци – орган општина | 24 | 12 |
| Европска Комисија и Делегација на ЕУ | - | 4,299 |
| Европска федерација банка за храна (FEBA) | - | 1,255 |
| Пинк акрос Скопје | - | 123 |
| Џеффреу цуртис лее | - | 100 |
| Алианс уан Македонија | - | 90 |
| Порта Инженеринг Груп дооел | - | 50 |
| Макпрогрес Виница (Белешка 8) | | 41 |
| Ацт доо | - | 30 |
| Мондо спорт доо | - | 15 |
| Ротари клуб | - | 10 |
| Ас Масини дооел | - | 3 |
| Донатори физички лица | 60 | 912 |
| . | 9,936 | 12,912 |

Приходите од донации се остварени врз основа на склучени договори со наведените донатори. Истите главно се однесуваат на донации на пакети за храна кои се дистрибуираат до крајните корисници - семејства и поедници во социјален ризик.

Приходите од донации за Проект МЦМС ЦМ-ИНС-05 (Цивика Мобилитас) во износ од 1,809 илјади денари (2020: 982 илјади денари) произлегуваат од институционалиот грант ЦМ-ИНС-05 финансиран од Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ), претставен од Швајцарската амбасада во Република Северна Македонија, кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ). Со Институционалиот грант ЦМ-ИНС-05 се обезбедуваат неповратни средства за институционален развој и организациско јакнење на Здружението. Согласно основниот договор за Грантот, период на спроведување на активностите беше од 1 јули 2020 година до 30 јуни 2021 година. Во овој период Здружението прими вкупен износ од 1,768 илјади денари, од кои 982 илјади денари беа примени во текот на 2020 година, додека износот од 786 илјади денари беа примени во текот на 2021 година.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2021 година**

## 4. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ (ПРОДОЛЖУВА)

Понатаму, на 24 август 2021 година Здружението склучи Анекс кон основниот договор, при што беа доделени дополнителни 2,418 илјади денари за периодот од 1 јули 2021 година до 30 јуни 2022 година, притоа Здружението врз основа на Анексот прими износ од 1,023 илјади денари во 2021 година, така што вкупните приливи во 2021 година врз основа на наведениот Грант во 2021 година изнесуваат 1,809 илјади денари.

## 5. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ И УСЛУГИ

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември<br>2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Потрошени канцелариски материјали | 689 | 570 |
| Трошоци за набавена и испорачана храна за проект в-с-с ефект | 1,640 | - |
| Потрошено гориво | 68 | 26 |
| Останати услуги | 499 | 412 |
| Ревизорски услуги | 450 | - |
| Транспортни услуги | 150 | 10 |
| Услуги за реклама | 79 | 12 |
| Наемнини | 132 | 155 |
| Останати материјални трошоци | 5 | 10 |
| | 3,712 | 1,195 |

## 6. ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември<br>2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Бруто плати | 384 | 1,428 |
| | 384 | 1,428 |

## 7. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември<br>2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Средства за опрема и земјиште | - | 1,032 |
| | - | 1,032 |

## 8. ДРУГИ РАСХОДИ

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември<br>2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Донации во храна (Тинекс, Енвирум, Кожувчанка, Витаминка, Макпрогрес Виница) (Белешка 4) | 5,507 | 3,204 |
| Сопствено ко-финансирање за проект В-С-С Ефект (Белешка 4) | 1,403 | 920 |
| Трошоци за партнерство Sibahe-Slovenian Food Bank | 727 | 726 |
| Трошоци за под-грантови поврзани со проектот В-С-С Ефект | 272 | 440 |
| Трошоци за договори на дело | 1,731 | 1,674 |
| Трошоци за семинари | 76 | - |
| Надоместоци на трошоци на работниците и граѓани | - | 184 |
| Останати трошоци | 82 | 123 |
| | 9,798 | 7,271 |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2021 година**

## 8. ДРУГИ РАСХОДИ (ПРОДОЛЖУВА)

Трошоците за договори на дело во износ од 1,731 илјади денари (2020: 1,674 илјади денари) се однесуваат на трошоци за ангажирање на локални извршители поврзано со проектите финансирани од страна на донаторите (Белешка 4).

## 9. НЕДВИЖНОСТИ И ОПРЕМА

Во илјади денари

| | Земјиште | Опрема и транспортни средства | Материјални средства за подготовка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | |
| Состојба на 1 јануари 2020 | - | 45 | - | 45 |
| Набавки | 358 | 466 | 207 | 1,031 |
| Состојба на 31 декември 2020 / 31 декември 2021 | 358 | 511 | 207 | 1,076 |
| **Исправка на вредноста** | | | | |
| Состојба на 1 јануари 2020 | - | 45 | - | 45 |
| Трошок за годината | - | 5 | - | 5 |
| Состојба на 31 декември 2020 | - | 50 | - | 50 |
| Трошок за годината | - | 59 | - | 59 |
| Состојба на 31 декември 2021 | - | 109 | - | 109 |
| **Сметководствена вредност** | | | | |
| Состојба на 31 декември 2020 | 358 | 461 | 207 | 1,026 |
| Состојба на 31 декември 2021 | 358 | 402 | 207 | 967 |

Земјиштето во износ од 358 илјади денари се однесува на градежно неизградено земјиште и вештачко неплодно земјиште на ул. Пржина во с. Волково, скопски регион. Истото е на вкупна површина од 689м$^2$ и е во сосопственост со Кооперативна Баптистичка Заедница од Атланта - САД Подржужница во РСМ (идеален дел 1/2).

## 10. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

Во илјади денари

| | 31 декември 2021 | 31 декември 2020 |
|---|---|---|
| Пари во домашни банки – денари | 535 | 2,944 |
| Пари во домашни банки - странска валута | 559 | 1,560 |
| | 1,094 | 4,504 |

## 11. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

Во илјади денари

| | 31 декември 2021 | 31 декември 2020 |
|---|---|---|
| Побарување за повеќе платен данок | 2 | 2 |
| Разграничени останати средства | - | 2 |
| | 2 | 4 |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2021 година**

## 12. ДЕЛОВЕН ФОНД

| | Деловен фонд - Земјиште | Деловен фонд – Опрема и транспортни средства | Деловен фонд – материјални средства за подготовка | Вкупно деловен фонд |
|---|---|---|---|---|
| На 1 јануари 2020 | - | - | - | - |
| Набавки на опрема | 358 | 466 | 207 | 1,031 |
| Амортизација | - | (5) | - | (5) |
| На 31 декември 2021 година | 358 | 461 | 207 | 1,026 |
| Амортизација | - | (59) | - | (59) |
| На 31 декември 2021 година | 358 | 402 | 207 | 967 |

## 13. ПОЗАЈМИЦИ

| | Во илјади денари 31 декември 2021 | 31 декември 2020 |
|---|---|---|
| Позајмица од физичко лице | 760 | - |
| | 760 | - |

Позајмицата во износ од 760 илјади денари е безкаматоносна позајмица од г-дин Душко Христов, претседател на Здружението и истата се однесува за активности поврзани со проектот В-С-С Ефект и истите ќе бидат вратени по прифаќање на завршниот финален наративен и финансиски извештај за наведениот проект.

## 14. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

| | Во илјади денари 31 декември 2021 | 31 декември 2020 |
|---|---|---|
| Обврски за плати и придонеси за плати | 33 | 240 |
| | 33 | 240 |

## 15. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви користени при искажувањето на билансните позиции деноминирани во странска валута на 31 декември 2021 и 2020 година се следните:

| | Во денари 31 декември, 2021 | 31 декември, 2020 |
|---|---|---|
| УСД | 54.3736 | 50.2353 |
| ЕУР | 61.6270 | 61.6940 |